Ефтимова Билјана
спец.анестезиолог реаниматолог
ЈЗУ Клиничка Болница-Штип

# Презентација на мојот едукативен престој во САД,Анн Арбор,Мичиген

University of Michigan Health System



University of Michigan Health System

- UMHS преставува највисока академска здравствена институција која се состои од  болници,клиники,здравсвени центри како и Медицински универзитет и Здравствена школа.Сите тие преставуваат интегриран систем на пружање на високо квалитетна здравсвена нега ,истражување и едукација постојано. Клиничкиот Центар при Универзитетот во Мичиген  (UMHS) е најголем и најпознат  здравствен центар во Мичиген, со специјализирани центри од различни специјалности .Во него има над 26000 вработени,медицински персонал,академски персонал,студенти,специјализанти и волонтери распоредени во 3 болници,120 Клиники и здравствени центри со над 1250 болнички кревети.Со буџет од 266 мил.долари  UMHS е меѓу најголемите истражувачки центри на национално ниво.
- UMHS е исто така најголем хируршки центар со 82  операциони сали опремени со најсовремена опрема и во кои се извршуваат најсложени хируршки зафати.

- Клиничкиот Центар при Универзитетот во Мичиген (UMHS) е најголем и најпознат  здравствен центар во Мичиген , со специјализирани центри од различни специјалности  како Центар за Алцхајмеровата болест, малигни заболувања, кардиоваскуларни болести, депресија, дијабетес, епилепсија, геријатрија, трансплантација на органи, педијатрија, траума и заштита на жените. Како центар за терциерна нега , UMHS располага со  179  кревети во единиците за интензивна нега (ICU),што го прави центар со  најголем број кревети во Единиците за интензивна нега во земјата.




- Во тек на мојот престој во овој универзитетски центар јас поминав во :
- Интензивната нега на кардиоваскуларната Клиника,
- Центарот за опекотини,
- Хируршката интензивна нега
- Оперативниот блок, во одделот за хирургија и одделот за акушерство,односно оперативно завршување на раѓањето.




- Во тек на престојот во операционите сали присуствував на повеке видови оперативни интервенции и текот на припрема на пациентите предоперативно во Единицата за Предоперативна припрема,видот на анестезиолошката техника,следењето на пациентите во тек на интервенцијата и постоперативниот тек во Единицата за постоперативна нега.
- Ова се дел од апаратите кои се составен дел на секоја операциона сала и се на располагање на анестезиолошкиот тим.

# Апарат за инфузија на крв ,крвни заместители и течности затоплени на телесна температура



# Инфузиона пумпа за прецизно дозирање на лекови и анестетици



# Инфузор за брза трансфузија и инфузија



# Трансдјусер за артериски притисок






- Операционите сали се опремени со најсовремена апаратура за практикување безбедна анестезија во тек на оперативните интервенции од различни специјалности.
- Многу впечатливо беше новата софтверска програма за следење на пациентите во тек на анестезија,каде на мониторот се прикажуваат сите параметри на пациентот,промените кои настануваат во тек на анестезијата,дозите на лекови,работата на организмот во тек на анестезија ,дозирањето и каде е проблемот со одреден орган.Навистина иднина во безбедната анестезија.


Welcome to The Future of Patient Monitoring.
ALERTS
GLUCOSE
OVER
250
AWARENESS
IMPROVEMENT
PROPER TREATMENT FOR GLUCOSE OVER 250
Treated
Not treated
Dr. Jones
Intuitive Real-time Patient Monitoring
Try the Demo(s)
Automated Quality Reporting




- Во тек на престојот во ЕИЛ на КВК,присуствував на секојдневните визити на пациентите оперирани од различни видови кардиолошки заболувања,се запознв со начинот на организирање и функционирање на една таква ЕИЛ,како и постоперативното опоравување и нега.Во сите единици на ИЛ пациентите и нивните истории се компјутерски поврзани и во секое време се достапни на увид на персоналот што е многу корисно при самата визита на која присуствуваат и членови од фамилијата кои се запознаваат со целата состојба,операција и постоперативна рехабилитација.

# Ова е дел од тимот  од ЕИЛ при секојдневната визита



# Визита во тек во ЕИЛ



# Со менторката Др.Полин пред почетокот на визитата






- Како заклучок можам да кажам дека мојот престој во  Анн Арбор,Мичиген ми беше корисен бидејќи го видов начинот на организација и функционирање на одделот за анестезија ,реанимација и интензивно лекување во една голема,современа болница од светски ранг како што е University of Michigan Health System

  Благодарам